# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 14** **22 јануари 2024, понеделник** **година LXXX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 382. | **Закон** за воздухопловство................. ........................................................................................ | **2** |
| 383. | **Закон** за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија....... | **63** |

**383.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2024 година.

Бр. 08-316/1
15 јануари 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 132/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 275/19, 14/20, 171/22 и 65/23), членот 147 се менува и гласи:

„Вредноста на бодот за плата на активниот воен персонал се утврдува со решение на министерот за одбрана.“.

Член 2

Во член 148 ставот (2) се менува и гласи:

„Основната плата ја сочинуваат минимални бодови, како и бодовите кои се определуваат според чинот, должноста, армискиот додаток и работното искуство.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Минималните бодови на плата се минимален број на бодови за плата што ја добива секој активен воен персонал кој изнесува 606 бода.“.

Член 3

Членот 151 се менува и гласи:

„Работното искуство на активниот воен персонал се вреднува во висина од 0,5% од делот на основната плата, која ја сочинуваат збирот од минималните бодови на плата, бодовите кои се определуваат според чинот, должноста и армискиот додаток, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.”.

Член 4

Во член 152 ставот (2) се менува и гласи:

„(2) Армискиот додаток се вреднува во висина од 30% од делот на основната плата, која ја сочинуваат збирот од минималните бодови на плата и бодовите кои се определуваат според чинот и должноста.“.

Член 5

Во член 172 ставот (2) се менува и гласи:

„Основната плата ја сочинуваат минималните бодови, како и бодовите според степенот на образование за работното место на кое е распореден, должноста, армискиот додаток, додатокот на плата за кариера и работното искуство.”.

Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Минималните бодови на плата се минимален број на бодови за плата што ја добива цивилниот персонал во висина од 606 бода.“.

Член 6

Членот 175 се менува и гласи:

„Работното искуство за цивилниот персонал се вреднува во висина од 0,5% од делот на основната плата, која ја сочинуваат збирот од минималните бодови на плата, бодовите кои се определуваат според степенот на образование за работното место на кое е распореден, должноста, армискиот додаток и додатокот на плата за кариера, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.”.

Член 7

Во член 176 ставот (2) се менува и гласи:

„Армискиот додаток се вреднува во висина од 20% од делот на основната плата, која ја сочинуваат збирот од минималните бодови на плата и бодовите кои се определуваат според степенот на образовние и должноста.”.

Член 8

Членот 185 се менува и гласи:

„Вредноста на бодот за плата на цивилниот персонал се утврдува со решение на министерот за одбрана.“.

Член 9

Во член 220 во ставот (1) зборовите: „став (6)“ се бришат.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SHËRBIM NË ARMATËN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Neni 1

Në Ligjin për Shërbim në Armatën e Republikës së Maqedonisë së Veriut (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 132/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/ 15, 77/16 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 101/19, 275/19, 14/20, 171/22 dhe 65/23), neni 147 ndryshohet dhe thotë:

„Vlera e pikëve për pagën e personelit ushtarak aktiv e shprehur në shumë parash përcaktohet me vendim të Ministrit të Mbrojtjes.”.

Neni 2

Në nenin 148 paragrafi (2) ndryshohet dhe thotë:

„(2) Paga bazë përbëhet nga pikë minimale, si dhe pikë që përcaktohen nga grada, detyra, shtesa ushtarake dhe përvoja e punës.”

Paragrafi (4) ndryshohet dhe thotë:

„Pikët minimale të pagës janë numri minimal i pikëve të pagës që merr çdo personel ushtarak aktiv prej 606 pikësh.”.

Neni 3

Neni 151 ndryshohet dhe thotë:

„Përvoja e punës së personelit ushtarak aktiv vlerësohet në masën 0,5% të pjesës së pagës bazë, të cilën e përbëjnë shuma e pikëve minimale, pikëve që përcaktohen sipas gradës, detyrës dhe shtesës ushtarake, për çdo vit stazhi të kryer, maksimum deri në 20%.”.

Neni 4

Në nenin 152 paragrafi (2) ndryshohet dhe thotë:

(2) Shtesa ushtarake vlerësohet në masën 30% të pjesës së pagës bazë, e cila përbëhet nga shuma e pikëve minimale dhe pikëve të përcaktuara sipas gradës dhe detyrës.’’.

Neni 5

Neni 172 paragrafi (2) ndryshohet dhe thotë:

„(2) Paga bazë përbëhet nga paga minimale, si dhe pikët për nivelin arsimor për vendin e punës ku është i shpërndarë, detyrën, shtesën ushtarake, pagesën për karrierë dhe përvojën e punës.”

Paragrafi (4) ndryshohet dhe thotë:

„(4) Pikët minimale të pagës janë numri minimal i pikëve të pagës të marra nga personeli civil në masën 606 pikë.”.

Neni 6

Neni 175 ndryshohet dhe thotë:

„Përvoja e punës për personelin civil vlerësohet në masën 0,5% të pjesës së pagës bazë që përbën shumën e pagës minimale, pikët që përcaktohen sipas shkallës së arsimimit për vendin e punës ku është i shpërndarë, detyra, shtesa ushtarake dhe shtesa e pagës së karrierës, për çdo vit të kryer stazh pune, maksimum deri në 20%.”.

Neni 7

Neni 176 paragrafi (2) ndryshohet dhe thotë:

„Shtesa ushtarake vlerësohet në masën 20% të pjesës së pagës bazë, e cila përbëhet nga shuma e pagës minimale dhe pikëve që përcaktohen sipas nivelit arsimor dhe detyrës.’’.

Neni 8

Neni 185 ndryshohet dhe thotë:

„Vlera e pikëve të pagës së personelit civil e shprehur në shumë parash përcaktohet me aktvendim të ministrit të Mbrojtjes.”

Neni 9

Në nenin 220 paragrafi (1) fjalët: "paragrafi (6)" fshihen.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi ditën e publikimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29, поштенски фах 51.**
**в.д. Директор и одговорен уредник – Дејанчо Цветановски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**„Службен весник на Република Северна Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Серафимовски ДОО Скопје.**
**ISSN 0354-1622**
**Цената на овој број е 190 денари.**